# ПРАВИЛНИК

За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа

Скопје, јуни 2024 година


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/2020 и 302/2020), министерот за локална самоуправа донесува

## П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерствоза локална самоуправа

### Член 1
Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/2 од 22.02.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/9 од 17.03.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/14 од 04.05.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/16 од 25.07.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/19 од 28.12.2023 година.

### Член 10
Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во делот на Државни советници, по работното место под реден број 5а, со шифра УПР 01 01 Б01 000, со назив Државен советник за ИПА прекугранична и територијална соработка, се додава ново работно место „5б“ кое гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 5б |
| **Шифра** | УПР 01 01 Б01 000 |
| **Ниво** | Б01 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за меѓуопштинска соработка |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Државен секретар |
| **Вид на образование** | |
| **Други посебни услови** | Општествени науки (економија и бизнис, право) |
| **Работни цели** | Советување и предлагање на решенија јкој се однесуваат и уредуваат прашања од областа на меѓуопштинската соработка |


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

| | |
|---|---|
| Работни задачи и обврски | - Иницира, предлага и креира ставови и мислења на прашања кои бараат одлуки од највисокото ниво на органот во областа на меѓуопштинската соработка<br>- Врши најсложени работи кој бараат посебна самостојност и стручност, а се однесуваат на меѓуопштинската соработка<br>- Подготвува информации и мислења за областа која ја покрива<br>- Врши следење и координација на меѓуопштинската соработка<br>- Подготвува годишен извештај за остварување на меѓуопштинската соработка |

**Член 16**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 2. Сектор за локалната самоуправа, под точка 2.2 Одделение за следење на развојот на локалната самоуправа и децентрализација, работното место со реден број 33, со шифра УПР 01 01 В04 000, со звање помлад соработник, со назив на работно место „помлад соработник за поддршка на активностите на одделението“ се брише.

**Член 18**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 19**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност.

**Министер за локална самоуправа**
**Златко Перински**

Бр.01-1191/1
27.06.2024 година
Скопје

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 28-06-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 01-1191/3 | | | |

**До: Министерство за локална самоуправа**

**Архивски број: 09- 71 / 2**
**Датум: 28.06.2024година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за дигитална трансформација дава:

СОГЛАСНОСТ
**на**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Министерство за локална самоуправа, со архивски број 01-1191/1 од 27.06.2024 година**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за локална самоуправа,** поднесе барање до Министерството за дигитална трансформација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .
Министерството за дигитална трансформација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за дигитална трансформација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за
дигитална трансформација**

Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за локална самоуправа, со архивски број 01-1191/1 од 27.06.2024 година.

Со почит,

Министер за дигитална трансформација
Стефан Андоновски


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk